*Четврток, 16 април, 2015*

**Проблем 1.**

Нека $\Delta ABC$ е остоаголен триаголник, и нека $D$ е подножје на висината спуштена од темето $C$. Симетралата на аголот $\angle ABC$ ја сече $CD$ во точката $E$, а опишаната кружница $\omega$ околу триаголникот $\Delta ADE$ повторно ја сече во точката $F$. Ако е $\angle ADF = 45^\circ$, докажи дека $CF$ е тангента кон $\omega$.

**Проблем 2.**

*Домино* е плочка со димензии $2\times 1$ или $1\times 2$. Определи на колку различни начини може да се поставaт точно $n^2$ домина, без преклопување, на шаховска табла со димензии $2n\times 2n$ така што секој негов $2\times 2$ квадрат содржи најмалку две непокриени квадратчиња кои припаѓаат на иста редица или на иста колона.

**Проблем 3.**

Нека $m$ и $n$ се цели броеви поголеми од 1, и нека $a_1, a_2, ..., a_m$ се позитивни цели броеви кои не се поголеми од $n^m$. Докажи дека постојат позитивни цели броеви $b_1, b_2, ..., b_m$ кои не се поголеми од $n$, такви што

$$\text{НЗД}(a_1 + b_1, a_2 + b_2, ..., a_m + b_m) < n$$

(со $\text{НЗД}(x_1, x_2, ..., x_m)$ е означен најголемиот заеднички делител на броевите $x_1, x_2, ..., x_m$).

**Language:** Macedonian

**Време за работа** : 4 часа и 30 минути

Секој проблем се вреднува со 7 поени